**20160270723**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за здравственото осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 10 февруари 2016 година.

Бр. 08-937/1
10 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15 и 217/15), во член 9 по ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

"Како основни здравствени услуги се сметаат и лековите што не се на листата на лекови од ставот 1 под а) точка 8) и под в) точка 2) на овој член, кои Јавните здравствени установи ги набавуваат по претходна согласност од Министерството за здравство и Фондот.".

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.